Архивски знак: 2802
Shenja arkivore:
Рок на чување: 15
Afati i ruajtjes:
28.01.2021 година / viti
Потпис / Nënshkrimi


РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА
**Одделение за прекршочна постапка – Комисија за одлучување по прекршок**

01.10.00.УП.001.06-ОБ.05.06


Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа на Република Северна Македонија во состав: Александар Сапроновски како претседател и членовите Наим Рамети и Оливера Митевска, одлучувајќи во прекршочната постапка во прв степен, по барање за поведување на прекршочна постапка број 28-013009/20-0008 од 20.05.2020 година на ЦИ Скопје 4, Царинарница Скопје, поведена против сторителите на царински прекршок „Фер Кос Трејд" Дооел од Скопје, за царински прекршок по член 263-а став 1 точка 3 од Царинскиот закон и Самет Дерњани од Генерал Јанковиќ, Република Косово, за царински прекршок по член 263-а став 5 в.в став 1 точка 3 од Царинскиот закон, врз основа на член 10-а став 2 од Законот за Царинската управа и член 60 од Законот за прекршоците, на ден 28.01.2021 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

1. „Фер Кос Трејд" Дооел од Скопје, со седиште на ул.„Кумара" број 41 во Чаир, Скопје, со ЕДБ МК 4082015515369, со жиро-сметка број 000270070458750180, депонент „Халк банка" АД - Скопје, како правно лице

СЕ УТВРДУВА ДЕКА Е СТОРИТЕЛ НА ПРЕКРШОКОТ
по член 263-а став 1 точка 3 од Царинскиот закон

2. Самет Дерњани од Генерал Јанковиќ, Република Косово, со живеалиште на ул.„Адем Јашари" број 34 во Генерал Јанковиќ, Република Косово, со косовска патна исправа број К00850902 издадена од МВР-Косово, државјанин на Република Косово, како одговорно лице во правното лице

СЕ УТВРДУВА ДЕКА Е СТОРИТЕЛ НА ПРЕКРШОКОТ
по член 263-а став 5 в.в. став 1 точка 3 од Царинскиот закон

Затоа што:
На ден 22.10.2018 година во ЦИ Скопје 4 поднесена е увозна царинска декларација ИМА 4 S-19519 од 22.10.2018 година од царинскиот декларант „Кинг шпедиција" за увозникот „Фер Кос Трејд" Дооел од Скопје, со која декларирал стока распоредена во повеќе наименуванија со користење на преференцијален третман-потекло од Република Турција, согласно приложениот доказ за потекло сертификат за движење на стоката EUR 1 NO H 0645058 од 17.10.2019 година, издаден од извозникот „Ватан" од Република Турција. Поради основани сомневања во однос на автентичноста на доказот за потекло и исполнетоста на условот за стекнување на преференцијално потекло на производот, а согласно Договорот за слободна трговија меѓу Република Северна Македонија и Република Турција, од Царинската управа на

РСМ со допис број 19-102905/18-0003 од 18.07.2019 година побарано е да се изврши верификација на автентичноста на горенаведениот доказ за потекло. По извршената верификација на доказот за потеклото од Царинската администрација на Република Турција добиен е негативен Одговор, од причина што извозникот „Ватан" од Република Турција не ги доставил сите потребни документи кои требало да бидат презентирани од страна на извозникот.

Со оглед на вака утврдената фактичка состојба предметната царинска декларација не може да се стекне со преференцијален третман и со горе опишаното дејствие избегнато е плаќање на царински и други давачки во вкупен износ од 54.866,00 денари.

Од страна на ЦИ Скопје 4, на пријавените им е изготвен записник за царински прекршок и прекршочни платни налози, кои се уредно доставени до пријавените, за спроведување на постапка за порамнување, а кои пријавените во предвидениот рок не ги платиле платните налози.

Со горе опишаното дејствие пријавените постапиле спротивно на член 72 став 1 од Царинскиот закон, со што првопријавениот „Фер Кос Трејд" Дооел од Скопје, сторил прекршок по член 263-а став 1 точка 3 од Царинскиот закон, а второпријавениот Самет Дерљани од Генерал Јанковиќ, Република Косово, сторил царински прекршок по член 263-а став 5 в.в став 1 точка 3 од Царинскиот закон, поради кое од страна на Комисијата

ИМ СЕ ИЗРЕКУВА

1. На правното лице „Фер Кос Трејд" Дооел од Скопје, глоба во износ од 500 (петстотини) евра, во денарска противвредност пресметани според среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на изрекување на глобата, во износ од 30.750,00 денари.

2. На одговорното лице Самет Дерљани од Генерал Јанковиќ, Република Косово, глоба во износ од 200 (двеста) евра, во денарска противвредност пресметани според среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на изрекување на глобата, во износ од 12.300,00 денари, како и трошоци на постапката во износ од 250,00 денари, кои сторителот е должен да ги плати во рок од 8 (осум) дена од правосилноста на решението, и тоа:

- глобата да ја платат на образец ПП50 – налог за јавни приходи – со цел на дознака: глоба по решение Прк.бр.0139/20, примач Буџет на РСМ, Банка на примач НБ на РСМ, на сметка 100-000000063095, уплатна сметка 840-(број на општина)-051-03, приходна шифра 72211900, а
- трошоците да ги плати на образец ПП50 – налог за јавни приходи – со цел на дознака: трошоци по решение Прк.бр.0139/20, примач Буџет на РСМ, Банка на примач НБ на РСМ, на сметка 100-000000063095, уплатна сметка 840-(број на општина)-06137, приходна шифра 72413200,

и доказите за така извршените уплати (обрасците ПП50) да ги доставaт во оригинал до Комисијата за одлучување по прекршок при Царинска управа на РМ, ул.„Колекторска“ б.б., Скопје, а во спротивно ќе се спроведе постапка за нивна присилна наплата преку надлежната Управа за јавни приходи, согласно член 75 став 2 од Законот за прекршоците и одредбите од Законот за даночна постапка.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Со барање за поведување на прекршочна постапка број 28-013009/20-0008 од 20.05.2020 година на ЦИ Скопје 4, Царинарница Скопје, до Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа на Република Северна Македонија е поведена прекршочна постапка против сторителите на царински прекршок „Фер Кос Трејд“ Дооел од Скопје, за царински прекршок по член 263-а став 1 точка 3 од Царинскиот закон и Самет Дерњани од Генерал Јанковиќ, Република Косово, за царински прекршок по член 263-а став 5 в.в став 1 точка 3 од Царинскиот закон.

Постапувајќи по истото, Комисијата за одлучување по царински прекршок согласно член 60 став 2 од Законот за прекршоците, со покани за писмено произнесување број 28-013009/20-0009 и број 28-013009/20-0010 од 29.05.2020 година, писмено ги извести сторителите за поднесеното барање и ги поучи да се изјаснат за фактите и доказите поднесени во врска со истото.

Сторителот „Фер Кос Трејд“ Дооел од Скопје иако бил уредно известен да ја подигне поканата за писмено произнесување број 28-013009/20-0009 од 29.05.2020 година во пошта Скопје-Чаир, истиот не ја подигнал видно од повратница на пошта Скопје-Чаир, што согласно член 81 став 1 од Законот за прекршоците се смета за уредна достава и истиот не достави писмено произнесување до Комисијата.

Комисијата до сторителот Самет Дерњани достави покани за писмено произнесување број 28-013009/20-0015 од 13.11.2020 година и број 28-013009/20-0017 од 09.12.2020 година на работното место на сторителот, меѓутоа откако сторителот не ја прими уредно поканата согласно член 81 став 3 од Законот за прекршоците и со службена белешка број 28-013009/20-0018 од 09.12.2020 година писменото го истакна на огласната табла на Одделението за прекршочна постапка и истото беше истакнато на огласната табла во периодот од 09.12.2020 година до 18.12.2020 година, со што по истекот на осум дена од денот на истакнувањето се смета дека е извршена уредна достава на поканата за писмено произнесување.

Комисијата утврди дека согласно член 60 од Законот за прекршоци постојат законски услови за спроведување на прекршочната постапка и донесување на одлука.

Комисијата ја спроведе доказната постапка и изврши увид во: Барање за поведување на прекршочна постапка број 28-013009/20-0008 од 20.05.2020 година на ЦИ Скопје 4,

Царинарница Скопје, записник за царински прекршок број 28-013009/20-0001 од 28.02.2020 година, прекршочен платен налог за правно лице број 28-013009/20-0003 од 28.02.2020 година, прекршочен платен налог за одговорно лице во правно лице број 28-013009/20-0002 од 20.02.2020 година, Историјат на промени број 0805-50/150020200053972 од 27.02.2020 година на Централен регистар на Република Северна Македонија, фактура број 15478 од 17.10.2018 година, ЕЦД ИМА 4 S-19519 од 22.10.2018 година, тековна состојба број 0805-50/150120160018382 од 21.03.2016 година на Централен регистар, Решение бр.27-063176/19-0002 од 10.09.2019 година, Известување број 09-1118/2 од 10.06.2020 година на Централен регистар на Република Северна Македонија, Податоци од службени евиденции број 322/2020/0-18 од 03.06.2020 година на Агенција за вработување на Република Северна Македонија, покани за писмено произнесување број 28-013009/20-0009, број 28-013009/20-0010 од 29.05.2020 година, 28-013009/20-0015 од 13.11.2020 година, број 28-013009/20-0017 од 09.12.2020 година, службена белешка за доставување на покана за писмено произнесување број 28-013009/20-0018 од 09.12.2020 година, Барање на податоци за вкупен приход број 28-013009/20-0011 од 03.06.2020 година, повратници од пошта Скопје-Чаир и пошта Скопје, по што ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 22.10.2018 година во ЦИ Скопје 4 поднесена е увозна царинска декларација ИМА 4 S-19519 од 22.10.2018 година од царинскиот декларант „Кинг шпедиција" за увозникот „Фер Кос Трејд" Дооел од Скопје, со која декларирал стока распоредена во повеќе наименуванија со користење на преференцијален третман-потекло од Република Турција, согласно приложениот доказ за потекло сертификат за движење на стоката EUR 1 NO H 0645058 од 17.10.2019 година, издаден од извозникот „Ватан" од Република Турција. Поради основани сомневања во однос на автентичноста на доказот за потекло и исполнетоста на условот за стекнување на преференцијално потекло на производот, а согласно Договорот за слободна трговија меѓу Република Северна Македонија и Република Турција, од Царинската управа на РСМ со допис број 19-102905/18-0003 од 18.07.2019 година побарано е да се изврши верификација на автентичноста на горенаведениот доказ за потекло. По извршената верификација на доказот за потеклото од Царинската администрација на Република Турција добиен е негативен Одговор, од причина што извозникот „Ватан" од Република Турција не ги доставил сите потребни документи кои требало да бидат презентирани од страна на извозникот.

Со оглед на вака утврдената фактичка состојба предметната царинска декларација не може да се стекне со преференцијален третман и со горе опишаното дејствие избегнато е плаќање на царински и други давачки во вкупен износ од 54.866,00 денари.

Од страна на ЦИ Скопје 4, на пријавените им е изготвен записник за царински прекршок и прекршочни платни налози, кои се уредно доставени до пријавените, за спроведување на постапка за порамнување, а кои пријавените во предвидениот рок не ги платиле платните налози.

Со горе опишаното дејствие пријавените постапиле спротивно на член 72 став 1 од Царинскиот закон, со што првопријавениот „Фер Кос Трејд" Дооел од Скопје, сторил

прекршок по член 263-а став 1 точка 3 од Царинскиот закон, а второпријавениот Самет Дерљани од Генерал Јанковиќ, Република Косово, сторил царински прекршок по член 263-а став 5 в.в став 1 точка 3 од Царинскиот закон.

Согласно член 263-а став 1 точка 3 од Царинскиот закон, глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе се изрече на правно лице и трговец поединец за прекршокот од став (1) на овој член, а глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе се изрече на физичко лице, кога износот на избегнатите увозни давачки, други давачки и даноци е до 1.000 евра или кога вредноста на стоката е до 2.000 евра, а согласно став 5 од истиот член глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице и трговец поединец ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице и на одговорното лице во трговец поединец за прекршоците од ставовите (1) до (4) на овој член, кога на царинскиот орган му поднесе увозна царинска декларација во која неправилно се наведени видот, квалитетот, вредноста или потеклото на стоката кое предизвикува или би можело да предизвика плаќање на увозни давачки, други давачки и даноци во помал износ (член 72 став (1)).

Согласно член 2 став 1 од Законот за прекршоците за прекршокот и прекршочната одговорност соодветно се применуваат одредбите од општиот дел на Кривичниот законик.

Согласно член 3 став 1 од Кривичниот законик, врз сторителот на кривичното дело (прекршокот) се применува законот кој важел во времето на извршување на кривичното дело (прекршокот), а согласно став 2 од истиот член, ако по извршувањето на кривичното дело (прекршокот) е изменет законот еднаш или повеќе пати, ќе се примени законот што е поблаг за сторителот.

При одмерувањето на глобата, Комисијата ги имаше предвид одредбите на член 130 од Законот за прекршоците („Службен весник на РСМ" бр.96 од 17.05.2019 година), според кој започнатите постапки пред судовите и прекршочните органи до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат според одредбите на Законот за прекршоците („Службен весник на Република Македонија" број 124/15), како и одредбите на член 132 став 1 и 2 од истиот закон, според кои, законите во кои се пропишани прекршочни санкции ќе се усогласат со одредбите на овој закон во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, а законите во кои се пропишани прекршочни санкции ќе продолжат да се применуваат се до нивното усогласување со одредбите на овој закон, но најдоцна шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, односно најдоцна до 25.11.2019 година.

Во оваа насока, Комисијата од една страна утврди дека предметниот прекршок е сторен пред влегување во сила на Законот за прекршоците („Службен весник на РС Македонија" бр.96 од 17.05.2019 година), а од друга страна утврди дека погоре цитираните одредби на Царинскиот закон во делот на прекршочните санкции сеуште не се усогласени со овој закон, па при ваква состојба Комисијата најде дека во конкретниот случај при одмерувањето на глобата за предметниот прекршок правилно е да се применат одредбите од Законот за

прекршоците со кои е определен износот на глобата во распон за сторени прекршоци од страна на правните лица и одговорните лица во правните лица, односно да се применат одредбите од член 36 став 1 од истиот закон, според кој глобата за правно лице не може да биде помала од 50 евра во денарска противвредност, ниту поголема од 1.000 евра во денарска противвредност за микро трговци, за мали трговци не може да биде помала од 50 евра во денарска противвредност, ниту поголема од 2.000 евра во денарска противредност, а за средни трговци не може да биде помала од 250 евра во денарска противвреднсот, ниту поголема од 6.000 евра во денарска противвредност и за големи трговци не може да биде помала од 250 евра во денарска противвредност, ниту поголема од 10.000 евра во денарска противвредност, како и да се применат одредбите од член 26 став 2 на истиот закон, според кој глобата за одговорно лице во правно лице не може да биде помала од 15 евра во денарска противвредност, ниту поголема од 500 евра во денарска противвредност, освен ако со законодавство на Европска Унија не е поинаку определено.

Во истата оваа насока, а по добиените податоци од Агенцијата за вработување за вкупниот број од 0 вработени и од Централниот регистар за остварениот вкупен приход од 467.392 денари за претходната фискална 2017 година, Комисијата согласно одредбите на член 37 став 1 од Законот за прекршоците и имајќи ги предвид критериумите пропишани во член 470 од Законот за трговските друштва, утврди дека обвинетото правно лице „Фер Кос Трејд" Дооел од Скопје, се распоредува во класификацијата на „микро трговец", па врз таа основа утврди дека и глобата треба да му се изрече во рамките на пропишаниот распон за правни лица – микро трговци според цитираниот член 36 став 1 од Законот за прекршоците.

Имајќи ги предвид цитираните законски одредби, како и неспорно утврдениот факт дека во име на сторителите поднесена е увозна царинска декларација ИМА 4 S-19519 од 22.10.2018 година кон која е приложен доказ за потекло сертификат за движење на стоката EUR 1 NO H 0645058 од 17.10.2019 година за кој по извршената проверка и побарана верификација од Царинската администрација на Република Турција е добиен негативен Одговор, што неспорно произлегува од приложените докази кон списите на предметот, Комисијата утврди дека во дејствијата на сторителите се содржани конститутивните обележја на прекршокот кој им се става на товар.

Согласно член 16 став 1 од Законот за прекршоците на сторителот на прекршокот му се одмерува санкција во границите што со закон се пропишани за сторен прекршок, имајќи ги во предвид прекршочната одговорност на сторителот и тежината на прекршокот, согласно став 2 од истиот член при одмерувањето на санкцијата се земаат во предвид сите околности што влијаат санкцијата да биде полесна или потешка (олеснителни и отежнувачки околности), а особено степенот на одговорност на сторителот за прекршок, побудите од кои е сторен прекршокот, јачината на загрозувањето или повредата на заштитеното добро, околностите под кои прекршокот бил сторен, поранешниот живот на сторителот, неговите лични прилики и неговото однесување по прекршокот особено дали ја надоместил штетата, како и други околности кои се однесуваат на личноста на сторителот, додека согласно став 3 од истиот член при одмерувањето на глобата се има во предвид имотната состојба на

сторителот, висината на неговата плата, другите негови примања, неговиот имот и неговите семејни обврски, кај прекршоците од областа на даноците и царините и сразмерноста на висината на неплатените давачки на кои е обврзан со закон.

Врз основа на досега наведеното, Комисијата имајќи ги во предвид одредбите од член 16 на Законот за прекршоците па земајќи ги во предвид начинот на сторување на прекршокот, степенот на одговорност на сторителите за прекршокот како отежнителни околности, а фактот дека на сторителите ова им е прв прекршок, односно дека истите не се евидентирани во прекршочната евиденција за сторени царински прекршоци како олеснителни околности, Комисијата врз основа на погорецитираните одредби како и имајќи ги предвид одредбите од член 49 став 2 од Законот за прекршоците, на правното лице лице „Фер Кос Трејд" Дооел од Скопје му изрече глоба во износ од 500 евра, додека на одговорното лице Самет Дерњани од Генерал Јанковиќ, Република Косово, глоба во износ од 200 евра и смета дека со истите ќе се постигне целта на изрекување на прекршочната санкција.

Согласно член 2 од Правилникот за висината и начинот на определување на реално направените трошоци во прекршочна постапка пред прекршочниот орган, Комисијата ги задолжи сторителите и со трошоци во прекршочната постапка во износ од 250,00 денари.

Упатство за правно средство:
Против ова решение незадоволната странка има право на тужба за поведување на управен спор до Управен суд на Република Северна Македонија во рок од 30 дена од приемот на решението.
Со оглед да тужбата го одлага извршувањето на глобата примерок од истата да биде доставена до Комисијата за одлучување по прекршок при Царинска управа на Република Македонија–Царинарница Скопје на ул.„Колекторска" 66, Скопје, во спротивно ќе се наплати согласно одредбите на Закон за даночна постапка.

Претседател на комисија,
Александар Сапроновски

Прк.бр.0139/20
Број 28-013009/20-0021
Скопје, 28.01.2021 година

Доставено во оригинал до:
- сторители

- архива
- предмет

Доставено преку ЕДМС до:
-подносител

Изработил: Александар Сапроновски